Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневните настани 02.05.2024

На 01.05.2024 во 18.45 часот во Тетово, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Тетово го лишиле од слобода А.Т.(35) од с.Мала Речица, тетовско. При претрес во домот кој го користи под наем, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени саксии со насади од растението канабис, шишиња исполнети со течност и други предмети поврзани со дрогата. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.05.2024, со наредба да Основен суд Велес, полициски службеници од Одделението за криминалистичка полиција при СВР Велес извршиле претрес во домот на К.Г.(64) од село Мартолци, општина Чашка. При претресот биле пронајдени одземени ловечка пушка и ловечки патрони, кои ги поседувал без дозвола. Со К.Г. бил извршен службен разговор и по документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.05.2024 во 14.30 часот на ул.„Драгорска" во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола го лишиле од слобода Д.Б.(52) од Битола. Тој бил баран со централна потерница врз основа на наредба да Казнено – поправната установа Затвор Прилеп, поради бегство од установата. Лицето било спроведено во установата за доиздржување на осумгодишната затворска казна.

На 01.05.2024 во 10.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода П.П.(25) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.05.2024 во 20.00 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Г.(32) од Република Турција, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (02.05.2024) во 02.45 часот во угостителски објект во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го привеле Р.Р.(20) од Република Црна Гора, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.05.2024 во 21.40 часот во тетовско Желино, полициски службеници од Полициско одделение Гостивар ги лишиле од слобода Д.К.(26) и Ј.Т.(23), двајцата од Тетово, затоа што кај них била пронајдена и одземена марихуана. Тие се задржани во полициска станица за понатамошна постапка и против них ќе следува соодветен поднесок.
Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (01.05.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 53 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 13 санкции, три мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за некористење сигурносен појас, 10 за брзо возење...

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на вчерашниот ден (01.05.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на СВР Битола изречени се вкупно 34 мерки за возење под дејство на алкохол, и тоа: 15 на подрачје на Битола, 11 на подрачје на Ресен, 3 во Македонски Брод, по 2 мерки во Прилеп и Крушево и 1 мерка на подрачје на Демир Хисар.

На 02.05.2024 во 00.15 часот во СВР Струмица било пријавено дека на бул.„Гоце Делчев" во Струмица, патничко возило „цитроен" со странски регистарски ознаки, управувано од И.Н.(56) од Струмица, излетало надвор од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот Ж.А., констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 01.05.2024 во 11.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионален пат Тетово - с.Јажинце, на влез за тетовско Теарце, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „волксваген голф", управувано од Ш.Ш.(74) од тетовско Шемшово и патничко возило „волксваген голф", управувано од А.Р.(78) од тетовско Прушовце, двете со тетовски регистарски ознаки. Во несреќата, А.Р. се здобил со тешки телесни повреди, додека Ш.Ш. се здобил со телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Тетово. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

На 01.05.2024 во 15.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека од шунски земјен пат во атар на село Галичник, на место викано „Горно стопанче", излетал четирицикл со скопски регистарски ознаки, управуван од Б.Л.(22) од Скопје. По целосна сообраќајна несреќа со тешки телесни повреди се здобила сопатничката А.Ц.(23) од Скопје, додека возачот се здобил со телесни повреди, констатирани во Општа болница „8 Септември" во Скопје. Увид на местото извршила екипа од ОВР Гостивар.

На 01.05.2024 во 20.40 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на локалниот пат Кочани - брана Гратче, кај место викано „Гоцева шума", мопед со штипски регистарски ознаки, управуван од В.П.(56) од Кочани, излетал надвор од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил В.П., констатирани во Општа болница Кочани. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Кочани.

На 01.05.2024 во 16.50 часот во Полициската станица Аеродром, А.А.(20) од Скопје пријавила дека на бул.„АСНОМ" во Скопје била каснат од куче скитник.

На 01.05.2024 во 20.50 часот во Полициската станица Аеродром, Б.П.(48) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 01.05.2024 во 12.20 часот во Полициската станица Карпош, Б.Ј.(81) од Скопје пријавил дека на бул.„8 Септември" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 30.04.2024 во 22.40 часот во Куманово, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Куманово ги лишиле од слобода Н.А.(36) и М.К.(36), двајцата од Куманово, затоа што кај них биле пронајдени кокаин и пари. Подоцна, со судска наредба, бил извршен претрес во домот каде што престојува Н.А., при што биле пронајдени и одземени марихуана, три дигитални ваги, пари и прашкаста материја. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.05.2024 во 00.05 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Н.Д.(45) од Куманово. Тој се сомничи дека на улицата „Фетка Наскова" во Куманово одзел предмети од паркирано патничко моторно возило. Н.Д. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.М.(36) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „разбојништво" и „тешка кражба на дрзок начин". Тој, на 28.03.2024 на улицата „Марко Несторски" во Охрид таргал 84 годишна жена од Охрид и и одзел чанта со пари и лични документи. Притоа, таа паднала и се здобила со тешки телесни повреди. Исто така, пријавениот на улица „Богомолска" на сличен начин од 65 - годишна жена одзел чанта со пари и лични документи.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против М.М.(72) од селото Новак, општина Центар Жупа, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уништување на недвижности". Тој, во текот на септември 2023 година во атарот на селото, бесправно оградил земјоделско земјиште во државна сопственост со површина од 198 метри квадратни кое Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со договор за закуп, го имало издадено на користење на трето лице од селото Новак.

Вчера (01.05.2024) во периодот од 16.00 до 22.00 часот спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 157 возачи. Од нив, 41 на територија на СВР Куманово, 34 на територија на СВР Битола... За време на контролата санкционирани се и 183 други видови на сообраќајни прекршоци.

Во текот на вчерашниот ден (01.05.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возачи кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 130 возачи. Од нив, 12 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 53 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 77 надвор од населено место.

Во текот на вчерашниот ден (01.05.2024), полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на Куманово санкционирани се вкупно 57 возачи. Од нив, 38 санкции се изречени за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол и 19 за управување возило без возачка дозвола.

На 01.05.2024 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле санкционирани 19 прекршоци, од кои 3 надвор од населено место и 16 во населено место. Истиот ден во периодот од 16.00 до 22.00 часот спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа биле санкционирани 12 прекршоци. Санкционирани биле и 12 други видови на прекршоци.

Вчера (01.05.2024) од 16.00 до 22.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. При контролата биле откриени и санкционирани вкупно 9 возачи (ГВ) кои управуваше возила под дејство на алкохол. При контролата, исто така, биле констатирани и санкционирани 41 (ТЕ-29 и ГВ-12) други видови на сообраќајни прекршоци (ТЕ).

На 01.05.2024 во периодот од 16.00 до 22.00 часот на подрачјето на СВР Охрид извршени се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале 10 возачи кои управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид-05, Струга-02, Кичево-01, Дебар-02. Тие се редваш исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 01.05.2024 во 22.30 часот во СВР Скопје, Д.Т.(39) од с.Булачани, скопско, пријавил дека околу 21.30 часот во селото, по претходна расправија, бил физички нападнат од Д.Т.(33). По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Штип поднесе кривична пријава против А.Д.(23) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојничка кражба". На 21.02.2024, пријавениот со употреба на сила влегол во гараža сопственост на Т.К., при што одзел повеќе предмети, а отскаго бил затекнат од Д.Т., физички го нападнал и побегнал.

На 01.05.2024 во 23.40 часот во СВР Скопје, од Казнено – поправната установа Затвор Идризово било пријавено дека околу 17.30 часот во установата, осуденикот П.П.(38) од Тетово бил нападнат со остар предмет од осуденикот Е.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.05.2024 во 00.10 часот, Г.Ј.(42) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улицата „4 Јули" во Кичево, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против М.Ј.(21) од Штип, М.Е.(25) од Струмица и С.Р.(23) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 19.04.2024, пријавените со тврди предмети физички го нападнале К.М., при што му одзеле чанта, мобилен телефон и пари.

На 01.05.2024 во 23.30 часот во СВР Скопје, А.А.(44) од Скопје пријавил дека околу 18.00 часот во угостителски објект во с.Долна Матка, скопско, по претходна расправија, бил физички нападнат од А.С. и О.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.05.2024 во 20.40 часот во СВР Скопје, М.Ј.(22) од с.Сарај, скопско, пријавил дека околу 20.00 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од Г.М.(18) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.05.2024 во 19.20 час во СВР Велес, Н.М.(51) од Велес пријавила дека на езерото Младост во Велес била каснат од куче, сопственост на И.К. од Велес.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против В.Б.(41) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторени 10 кривични дела „тешка кражба", од кои две во обид. Во периодот од 08.03.2024 до 11.03.2024, пријавениот извршил осум кражби во повеќе објекти, при што се стекнал со противправна имотна корист од 22.320 денари и две кражби во обид од тезга и берберница.

На 30.04.2024 во 17.32 часот во СВР Скопје, Ц.М.(53) пријавила дека на подрачјето на Бит Пазар, поради претходно меѓусебно нетрпение, била физички нападната од И.П., двете од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.05.2024 во 18.10 часот во СВР Скопје, Б.А.(22) од с.Мралино, општина Илинден, пријавил дека околу 12.50 часот во с.Катланово, по претходна расправија, тој и неговиот пријател Ф.М.(19) од с.Идризово, скопско, биле физички нападнати од U.С., Б.С. и синот на Б.С., кои употребиле и тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.05.2024 во 12.20 часот во ОВР Гостивар, Д.М.(55) од Гостивар пријавил дека во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 01.05.2024 во 14.10 часот во СВР Скопје, 53-годишна жена пријавила дека на 28.04.2024 околу 13.00 часот во нејзиниот дом на подрачјето на Карпош била физички нападната од нејзиниот партнер М.Ѓ.(54) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.Ш. (61) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда" во врска со семејно насилство. На 15.04.2024, по претходна расправија, пријавениот физички ја нападнал својата сопруга Т.Ш. и притоа ѝ нанел повреда.

На 01.05.2024 во 07.40 часот во Полициската станица Аеродром, К.Б.(34) од Скопје пријавил дека на 24/25.04.2024 околу 01.30 часот, А.„Н" со употреба на сила го извадил од неговиот дом и го внел во патничко возило кое го управувал К.„Н", со уште едно лице совозач. Како што е пријавено, во возилото А.„Н" му нанел неколку удобни рани со остар предмет и го однеле кај Транспортен центар во Скопје, каде што повторно му нанел повреда со остар предмет, по што физички го нападнале и го оставиле. Исто така, според пријавеното, тој не бил на преглед и не пријавил во полициска станица затоа што лицата му се заканиле. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.05.2024 во 10.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на стакло од штаб на политичка партија на подрачјето на Центар бил испишан графит. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.05.2024 во 22.40 часот во ОВР Гостивар, С.Б.(54) од Гостивар пријавил дека на улица ,,101" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.Д.(53) и П.Д.(54), двајцата од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад на службено лице при вршење работи на безбедноста". На 22.02.2024, по претходна расправија околу сообраќајот, пријавените физички нападнале полициски службеник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет